# Општи правила и услови на користење

Охридска банка АД Скопје ги објавува информациите и документите или другите писмени материјали на својата интернет страница само за информативни цели.

Во оваа пригода, Охридска банка АД Скопје Ве информира дека пребарувањето на интернет страниците на Банката истовремено значи и прифаќање на следните услови:

- Интернет страниците на Охридска банка АД Скопје, нивната содржина или кој било нивни дел се заштитени со авторски права. Само Банката има право да ги остварува правата што произлегуваат од нив.
- Содржината на интернет страниците на Охридска банка АД Скопје треба да се толкува врз основа на оригиналните текстови, без промени. Може да се случи овие страници да се променат независно од волјата или надвор од контролата на Охридска банка АД Скопје. Поради тоа, освен ако не е поинаку предвидено со закон, Банката не презема никаква одговорност за точноста, веродостојноста, навременоста или за содржината на информациите, документацијата или на другите писмени материјали објавени на интернет страниците.
- Корпоративниот бренд на Сосиете Женерал, како и брендовите на Банката, имињата и пораките на сите производи и услуги на Охридска банка АД Скопје можат да се предмет на заштита на правото на трговски знак. Сите активности што се предмет на правото на трговски знак и сите права (вклучувајќи ги тука и етичките права) поврзани со овој вид активности се задржани.
- Се забранува употреба, репродукција, пренос, дистрибуција, трансформирање или зачувување на содржините на интернет страниците во каква било форма, делумно или целосно, без претходна писмена дозвола од Охридска банка АД Скопје. Сепак, како начин на слободно користење, Банката Ви дозволува да ги зачувувате содржините од овие страници или да ги печатите од Вашиот компјутер за Ваша лична употреба.
- Охридска банка АД Скопје го задржува правото да ги менува или да ги трансформира своите интернет-страници во кое било време. Исто така, Охридска банка АД Скопје може да го ограничи или да го прекине пристапот до нив. Охридска банка АД Скопје не гарантира непрекинат или безгрешен пристап до страниците. Банката не е одговорна за какви било штети и/или загуби кои произлегуваат од неовластен пристап до почетната страница, до информациите, документацијата или до другите писмени материјали што се достапни на неа, од несоодветната состојба на страницата за употреба, нејзиното несоодветно функционирање, неправилности, од какви било проблеми во функционирањето или нивна нејасност.
- Забрането е да се постави каков било линк со интернет страница без претходно писмено одобрение од Охридска банка АД Скопје. Дури и да се добие такво одобрение за поставување линк, забрането е вградување какви било елементи од содржината на страницата во друга интернет-страница (во форма на рамка или на вграден линк). Исто така, со горенаведеното одобрение може да се воспостави линк само со почетната страница на Банката. Охридска банка АД Скопје не прифаќа каква било одговорност за содржините што се воспоставени, пренесени, зачувани, ставени на располагање или објавени од трети страни со кои е поставен линк или кои се однесуваат на страниците на Охридска банка АД Скопје.
- Доставувањето писмен материјал од Ваша страна (во емаил порака испратена до кој било наш сервер или преку нашите интернет-страници) значи прифаќање на фактот дека материјалот може да се објави. Со доставувањето на материјалот до нас прифаќате дека Охридска банка АД Скопје може да го објавува – без никаква одговорност – и да ги користи неговите содржини (делумно или целосно) со објавување на Вашето авторство. Со доставување таков материјал до нас се согласувате дека тој или неговата содржина не ја прекршуваат личната интелектуална сопственост или други права на која било трета страна и дека третите страни нема да поведат какви било судски процеси против Охридска банка АД Скопје во врска со таквите права, нема да поднесат какви било барања или тужби и на крајот, доколку која било трета страна поднесе тужба против Охридска банка АД Скопје, Вие целосно ќе ги надоместите трошоците на Охридска банка АД Скопје.

- Некои страници на Охридска банка АД Скопје можат да содржат и други одредби, во согласност со правилата на важечкиот закон и поради тоа, познавањето и прифаќањето на тековните правила и применувањето на условите е предуслов за користење на индивидуалните услуги.